**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-161**
**06.06 2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 55 ставови 6 и 7 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2012/1 од 16.05.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-2213/2 од 06.06.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 22-та седница одржана на 06.06.2022 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 55 ставови 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 21-ви и на 26-ти април 2022 г., во изданијата на забавно – документарната емисија „Манџа“ и на информативната, тематски специјализирана емисија за здравство – „По дома со ...“, пласираните производи, директно вклучени во дејствијата/сценаријата на емисиите, посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување, а во изданијата на говорното – шоу „Вип сезона“, емирувани на 26-ти април 2022 г., пласираниот производ претерано визуелно се истакнува.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2012/1 од 16.05.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенција) врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), е надлежна да врши

програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Членот 55 ставови 6 и 7 од ЗАВМУ пропишува дека програмите кои содржат пласирање на производи не смеат директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки или услуги, особено преку нивно посебно промотивно препорачување (став 6). Во програмите кои содржат пласирање на производи не смее да му се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор (став 7).

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 16-ти мај 2022 година, изврши вонреден, по службена должност програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21-ви и на 26-ти април 2022 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 55 ставови 6 и 7 од ЗАВМУ.

Прекршувањата се направени во три емисии емитувани на програмскиот сервис на 21-ви и на 26-ти април 2022 г., и тоа: во „Манџа", забавно – документарно, кулинарско шоу; во „По дома со ...", информативна, тематски специјализирана емисија за здравство; и во говорното – шоу „Вип сезона". Пласираните производи, директно вклучени во дејствијата/сценаријата на емисиите, посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување во емисиите „По дома со ..." и во „Манџа", со што е направен прекршок на член 55 ставови 6 и 7 од ЗАВМУ, а во емисијата „Вип сезона", пласираниот производ претерано визуелно се истакнува, со што е направен прекршок на член 55 став 7 од ЗАВМУ.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2012/1 од 16.05.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје на 18.05.2022 г., испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување арх.бр.10-2012/2 од 18.05.2022 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2012/1 од 16.05.2022 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Во предвидениот рок, односно на 27.05.2022 г., ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје до Агенцијата достави Писмено изјаснување арх.бр.03-584/1 од 27.05.2022 г. (наш арх.бр.10-2012/3 од 27.05.2022 г.). Советот на Агенцијата на седницата одржана на 06.06.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставениот допис – одговор од управителот на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје и заклучи на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 55 ставови 6 и 7 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2012/1 од 16.05.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-2213/2 од 06.06.2022 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 06.06.2022 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседателот на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2012/1 од 16.05.2022 година.

**Доставено до:**

- ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.